## ОРФЕЈ

## - ГРАВИР НА КАМЕН ВО БЛИЗИНА НА ГРАДОТ ASTORGA, (ПРОВИНЦИЈА ЛЕОН, ШПАНИЈА), 32 000 – 800 Г. МАКЕДОНСКА ЕРА ПРЕД ПОЈАВАТА НА ХРИСТИЈАНСТВО

Крстовидните форми на гравирани камења пронајдени во Шпанија се уште се мистерија за истажувачите. Документирани се, фото-графирани но се уште не е истражено нивното потекло ни датирање. Се смета дека крстовидните форми се од понов период што не е случај во оваа книга бидејки крстот како симбол а и самата форма се јавува многу поодамна во историјата. Самиот облик на каменот има свое значење а таканаречените крствидни форми ги искажуваат следниов текст.



Сл. 638



сл. 639




- СЕГА ИЛ СИЈА СОЛАРУ.




- НАШИОТ ТЕШТ. ПЕЈ И ПИЈ ОРФЕЈ.

- Целокупниот текст тран. на современ македонски јазик:
СЕГА ИЛ СИЈА СОЛАРУ НАШИОТ ТЕШТ. ПЕЈ И ПИЈ ОРФЕЈ.

Толкување: Долго очекувано сонце почнува да сјае. Тоа е сончевиот наш ТЕШТ (господар). Тоа е нашиот Бог Сонце во периодот на најдолгата ноќ, но од денот XXV-ти декември почнува да сјае, зголемувајќи го времетраењето на денот и почетокот на новата година. Радоста за престојната нова година и пролет се искажува со песни, храна и вино, како ујам или жртва заедно со божјиот горски пеач ОРФЕЈ, каде што е и видлив неговиот симбол афионовата чушка.



Каменот[523] е во форма на сончев зрак на изгрејсонце, пупка, цвет, патоказ или е најверојатно дел од локалната опсерваторија. Буквите и текстот симулираат еден поглед на човекот лунар, набљудувач на изгрејсонцето, кога зраците - енергија доаѓаат од сонцето и повторно се враќа кон сонцето во облик на човечки поглед во слава, почит и жртва со игри и песни на горскиот пеач ОРФЕЈ.




Буквите го формираат светиот или светлиот триаголник помеѓу Богот Сонце ИЛИ, ИЛ, Господарот Божјиот Македон и Земјата Македонка, со формираниот сончев зрак, дух божји, пупка, пролет или ДОН.

[523] http://tierradeamacos.blogspot.mk/2009_06_01_archive.htm

## ПРВ ДЕЛ

## „ИЛИОН, ЗЕТ-ФЕНИКС И ИС – ИСУС“ СЛОВА НА МУДРОСТА

## ЗЕТА МАКЕДОНИА ИЛИОН НА ПОЛУОСТРОВОТ ЗЕТА МАКЕДОНИА ПИРИНЕЈСКА, (ДЕНЕС НАРЕЧЕНА ШПАНИЈА), 20.000-11.000 Г. МКД. ЕРА ПРЕД ПОЈА. НА ХР. ПЕШТЕРА BUITRE I, СЕЛО ЈАНДА И ХЕРЕЗ.

На југот од полуостровот Зета Македониа Пиринејска (денес наречена Шпаниа), се наоѓа ланец од македонски светилишта - пештери во кои се насликани фигури на животни, апстрактни претстави на човек и македонско писмо ЦУТНО, со кое се презентира македонската монотеистичка вера во правото слово на единствениот БОГ Сонце ИЛИ.

Во пештерата Buitre I истражувачот Lucas Millan ќе го открие најмонументалниот и најдобро сочуваниот цртеж и натписи во областа Зета Македониа ИЛИОН, денес наречен Гиблартар.




Сл. 640 Карта од местоположбата на областа каде се наоѓаат натписите.



Сл.641 Откриениот цртеж од Lucas Millan Millan, предземен и објавен
од Симон Бланко Алгарин
https://www.facebook.com/simon.blancoalgarin?fref=nf

Мојата анализа на овие артефакти, таканаречени цртежи кои се всушност натписи и историски значајни пронајдоци од историјата на човештвото, се однесуваат на толкување на нивното лингвистичко и верско значење, наспроти општо прифатеното дека тоа се дела на примитивни луѓе кои не знаеле да се изразат писмено и симболично. Поточно, тие укажуваат на постоење и континуитет на македонската култура, бидејќи се всушност писмени докази на македонски јазик, едни од низата на мноштво натиси низ сите пет континенти.

Конкретно на оваа карпа, следејќи ја македонската исконска вера, сѐ што имал Бог да им каже на своите деца го соопштил на единствениот Македон, Илион, Зет, ИС-Исус, Хермес, Дон, Дион, Дионис.
Сѐ што Македон треба да го пренесе на својот род Лаврод сѐ е напишано во стихови, и сѐ што е напишано тоа е и нацртано. Со писмото и цртежот сѐ е кажано. Поради светоста на зборот сѐ е сокриено. Божјата порака за синовите божји е лесно препознатлива. Причината е јасна, а таа е поради јазикот и писмото ЦУТНО.
Сѐ што е кажано од Бог, сѐ е заборавено од истите браќа Македонци, откажани од својот единствен БОГ Сонце ИЛИ и од единствената Мајката Земја Македонка и РОДОТ „Лаврод“. Јазикот со векови се менува. Од незнаење, а врз темелите на македонската монотеистичка вера, формираат сопствена многубожја религија. Од неспособноста да измислат писмо го употребуваат тајното македонско писмо на ЦУТОТ (латиницата). Докази за оваа констатација не е само овој извонреден натпис, вакви и слични натписи ги има на сите пет континенти. Еден од поновите докази е и Македонското Евангелие чувано во катедралата Нотр дам во градот Реимс, Зета Македониа Нанија (денес наречена Франција).
Ова евангелие, кое е напишано со македонската словарница на Цутот (кирилицата) и македонската словарница Глаголица, служело со стотици години за крунисување на македонските владетели во Зета Македониа Нанија (денес наречена Франција).

Сл. 642 Следи анализа на цртежот/натпис „цртеж-лигатура“:




„ЗЕТУ МАКЕДОНИУ“




„ИЛ ПТИЦО, П’JЕШ ЛИ ИЛИУ ОД ДУШУ. ЛИJ СОНЦЕ С’ТИ. JЕ Н’Ш СИ СИН.
‘РТИ С’Л ДИОН, ИС ЧИТА БОГУ.“




„J СИН ИЛ, КРСТ, J ИСУС. J РБА И РОСИТ, С’ П’СНА ТВОJА, С’ БОЛ’С ИРНИТ, J ЅИЛ УС С’Т, Т’ШТ ЛИН’Т ИЛИОН Т’, У Р’СТ“.




Стиховите кои произлегуваат од оваа анализа транскрибирани на современ македонски јазик се следниве:

**Зету Македониу**

Огнена птицо,
поеш ли нити,
илиу од душу,
ли сонце свети.

Еј наш си син,
'рти сал Дион,
Ис чита БОГУ:

„Јас сум син Илион.
Крст, јас сум Исус.
Со работа
Наросувам.

Со песна твоја,
И божја светлост,
Се ранам."

Гледај слушни
Усни молчете.

Тештот венее.
Илион татко,
Ти во раст во
Зета Македониа

НИТИ-сочеви зраци, (нити-НОТИ)





Сл.643 Слова на мудроста, Илион, Зет-Феникс сл. 644 Хермес

На врвот на цртежот, СЛОВО светло. Од светлото и словото се раѓа мислата-умот на Македон. Умот на Македон сака да ги спознае височините во универзумот за да владее на Земјата. Височините, тоа е Бог кој се спушта кај синот негов Илион, Зет, ИС-Исус, Хермес, Дон, Дион, Дионис, Македон, пристига од бесконечниот простор со бесконечноста на времето. Пристига во просторот на конечноста на материјата на земјата.
Двете материи се едно божјо слово, а тоа се нарекува од-до „Зету Македониу“, или господарството на Македонија, како на небото така и на земјата. Ова сознание за Зета Македонија на небото и земјата, на Македонецот Македон му откри сѐ, го откри Богот со зборовите „Ли Сонце свети“. „ЛИ“ да лие оган „Огнена птицо“. Оганот е светлост и топлина, ум и словото Божјо. И уште му откри „ЛИ“ како вода, која е човечкото тело. Ова сознание е бесконечениот циклус на вртење – повторување на Божјата оска, и оската на Илион, кој се наоѓа на цртежот, роден од Божјиот Ум-светлоста и мајката Земја Македонка. Ова вртење започнува во вселената наречена „Зетау Македониау“ и пристига на земјата во Македониа, во облик на светлост-умот до Илион, Зет, Хермес.

Бог се обраќа на својот син Илион: „Еј наш си син, (син од Таткото Сонце ИЛИ и Мајката Земја Македонка), ‘рти сал ДИОН“. Синовите Илион-Лион и Дион-Дионис со подарената светлост УМОТ се рамноправни во создавањето на рајот Македониа.

Единствениот син, наречен со повеќе имиња Илион, Зет, Исус, Хермес, Македон ја прима светлоста Умот. Со умот ја спознава суштината на човековото постоење, го спознава светот, ја спознава словарницата ЦУТНА (кирилица и латиница).

Цитат од еден схоластичар:

„ХЕРМЕС ја согледа целоста на сите нешта.
И, откако ја виде таа целост, ТОЈ РАЗБРА СЀ.
И, откога разбра сѐ, тој ја придоби моќта да разоткрива и да насочува. ВСУШНОСТ, НЕШТАТА КОИ ТОЈ ГИ РАЗБРА - ГИ НАЦРТА!
И, откога ги нацрта - ГИ СКРИ!
Зошто за повеќето посака да молчи, а не да говори.
ЗА ДА ГИ БАРА НИВ секој НАРОД роден по Големиот Светски Потоп.“

Така и се случи Илион, Зет, Хермес сѐ она што го примил од Бог го напишал во вид на ЛИГАТУРА и го нацртал во вид на цртеж лигатура. На тој начин го сокрил божјото слово од одродените, вандали Македонци. Се што е напишано и нацртано можат да го одгатнат само одбрани поединци од родот Лаврод, а тоа е, Ис, Исус, Македон или Дон, Дион, Дионис.

Тајната е напишана и гласи:

„Јас сум син Илион.
Крст, јас сум Исус.“

За синот Илион или Македон од искона до денес КРСТОТ означува симбол на живот. Крстот претставува живот. Крстот ја содржи цифрената вредност XXI со значење, почеток на пролетта. Македон верува во крстот или скршнување на Мајката Земја Македонка, која со нејзината оска ќе скршне кон созвездието КРСТ. Тоа е вера во појавата на посилни сончеви зраци наречени „КРШТ“, кои ќе условат пристигнување на духот божји Македон во вид на вода. Овој реинкарниран дух Феникс со божји Македон ќе услови богата родна година.

„Со работа
Наросувам.“

Македон како син Божји, рамноправен на својот татко Сонце, ја има должноста со работа да ја „наросува“ Мајката Земја Македонка, тој ја наросува-оплодува обработуваjќија и одгледувајки земјоделски култури и стока за исхрана и работа. „Со работа наросувам“, се однесува и на наросување-оплодување на својата невеста, за продолжување на родот Лавpод.

„Со песна твоја,
И божја светлост,
Се ранам.“



Сл. 645 Огнена птица Феникс.

Одбраните Македонци меѓу кој е и Илион, Македон, Зет, Хермес, кон Бога пристапуваат со искрена почит. Му пеат песни да ја придобијат неговата љубов. Божјата љубов е составена од сончеви нитки (или ноти) со обилно светло. Тоа е нивната храна, храната на мудроста, мудроста на бесмртноста. Со радост ја предаваат душата на огнената птица-фениксот за реинкарнација, да проникнат во ново тело во рајот Макдониа.
Нечестивите кон Бога Македонци, зли, вандали и одродници, заробени сè во својата злоба, по смртта талкаат во вселената, помеѓу студот и топлина.

Сега со радост во душата, ја сеам, ја наросувам љубовта кон Бог.
Гледај слушни
Усни молчете.

Херменевтичката филозофија вели дека> "Усните на мудроста се затворени, освен за ушите и очите на разбирање".

Тоа се усните на радоста за новиот живот што се раѓа. Умира старото сонце „Тештот“ и реинкарнира во огнена птица Феникс, како младо сонце ЗЕТ од XXI –ви март.

Реинкарнацијата на духот и телото се случува на божјиот оган или огнена птица наречена Феникс. Феникс е персонификација на сонцето.

Според македонската вера, новиот Феникс е потомок на стариот што изгорел, или новиот Феникс е всушност стариот кој се преродил. Оваа птица е симбол на излезот и залезот на сонцето. Во историските записи, Фениксот може да симболизира обнова во целина, како и сонце, време, империја - Зета Македониа, осветување, воскресение, живот во небесен рај и рајот Македониа на земјата, Исус, Богородица, невиноста, исклучителноста на човекот Македон. Македон го прима словото божјо од Бог во вид на птица ФЕНИКС го пренесува на својот род Лаврод. Оваа вера во Бог Феникс-Сонце ИЛИ ја прифаќаат сите македонски поданици на сите пет континенти. Во Кина пак, птицата Фенг-Хуанг[524] е најверојатно иста птица како и Фениксот. 鳳凰 Fènghuáng. Фенг-Хуанг живее во кралството на македонската Земја Македонка земјата на мудрите кое се наоѓа негде од планината Хеланш'н (Hèlánshān, област Нигсја), па се до крајниот источен дел на денешна Кина [525]. Тој пие најчиста вода и јаде само бамбус. Кога тој ќе запее, сите пејачи на светот се придружуваат на неговата песна. Неговата коскена срж се смета за света храна. Оваа птица е заштитничка на кинеските господари. Мажјакот Фенг-Хуанг симболизира среќа, а женката претставува кралица.
Овој како и многуте артефакти обработени во книгата „Зета Македониа” со естетско симболично значење, дешифрирани преку македонскиот древно - исконски јазик и писмо, претставуваат материјален и писмен доказ за постоење на современо општество налик на денешното, организирано во држави во рамките на една држава која била распространета на пет континенти, наречена Големата Зета Македониа. Според овие писмени докази дознаваме за постанокот на човештвото, историјата на македонскиот народ преку македонската вера права-православна, во слава на Бог Татко ИЛИ, а со тоа дознаваме и за историјата на светот. Со овие писмени докази дознаваме за почетоците на македонската вера, од народот Македон во продолжеток до денес и тоа од камениот период, преку македонската вера од античкиот период, римскиот период на владеење на Македонците и христијанството.




Дешифрираниот текст од цртеж-лигатурата со име и презиме Илион Куртис, како син на Богот ИЛИ, покрај тоа што го претставува единствениот Македон, Илион, Зет, ИС-Исус, Хермес, Дон, Дион, Дионис, несомнено го претставува и Божјиот син Македон АСКЛЕПИЈ или Куртис-ЛЕКАР. Местото каде Асклепиј-Куртис ги лечел лугето, се нарекувало КУРИЛО, КУРИЛОВО или ЛЕКОВИТО МЕСТО.

[524] https://en.wikipedia.org/wiki/Fenghuang
[525] Стр. 261

## ВТОР ДЕЛ

### Македонски господар Господ со повеќе имиња - ЗЕТ ИЛИОН-МАКЕДОН, ЗЕТ АСКЛЕПИЈ КУРТИС

Според македонската исконска наука, која се состои меѓу другото и од проучување на космичките законитости, новата година започнува на денот XXV-ти декември. Тоа е денот на почетокот на зимата. Тоа е денот на најдолгата ноќ и најкусиот ден. Од тој ден ноќта се намалува а денот се зголемува. На тој ден старото сонце наречено Тешт умира и реинкарнира во младо сонце наречено Бебето ИС-ИСУС. Според божјите и космичките закони, новороденото сонце наречено ИС Илион, за три месеци на ден XXII-март ќе порасне во полниот ден или рамниот ден со ноќта, кога ќе ја оплоди Земјата Македонка со бебето ИС-ИСУС, новородената природа во која се наоѓа и човекот наречен ИС Македон.
Целата вселена во која се наоѓа Богот Сонце ИЛИ, кој е дел од едно божество, и земјата со сите рамнини и висини, реки и морињa и сите плодови на неа, како негова придружничка е создадено за потребите на човекот Македон. Поради таа причина Македон е одек на самата природа. Македон е слика на вселената, заедно со неговиот јазик и писмо ЦУТНО. Македонскиот јазик, писмо со именките, како топоними, хидроними и др. се ПРЕЦРТАНИ-МОТИВИРАНИ од природата. Сите научни достигнувања на Македон се преточени во едно верување како вера православна. Верата се состои од персонификација на науката, природата и општеството со човечки фигури во вид на лигатури со скриени пораки.

Именката Илион со значење Илиовиот син е всушност синот на Богот Сонце ИЛИ. Божјиот син Илион е роден од Мајката Земја Македонка, поради тоа тој е и син на мајката и како таков тој се именува и како МАКЕДОН. Именките Илион и Македон се однесуваат на новороденото БЕБЕ „ИС“-„ИСУС“ од родителите Богот Татко Сонце ИЛИ и Мајката Земја Македонка.

ИС Илион односно ИС Македон, во зависност дали се ословува по татко или по мајка, по неговото полнолетство, кога ќе биде „семен“ (плоден), Богот Сонце ИЛИ на возвишенија, планини и вештачки планини - пирамиди, наречени КИТКИ накитени или КУРИЛО, ќе го прогласи својот син за ЗЕТ.

Прогласувањето ќе се случи на денот XXII-ри март, со првиот сончев зрак. Тоа објавување се состои од божјиот поглед „S“-„SE“ во вид на стап нарекуван од Македонскиот народ ЈАБЛАН.

Една од планините китки за прогласување на новиот Зет е планината Јабланица Република Македонија. Помеѓу планината Јабланица и планината Галичица со врвот Елен Врв, од каде излегува првиот сончев зрак „јаблан“, како божје слово, се наоѓа Охридското езеро. На брегот од Охридското езеро помеѓу рибарската населба Канео и светилиштето Канео се наоѓа пештера во која се раѓа новороденото бебе ИСУС Илион-Македон на ден XXV-ти декември.

Новороденото бебе со временски период најмалку од 400.000 г, со продожение до денес од Македонскиот народ е нарекувано ИС-ИСУС.[526]

Од моментот на венчавката, Илион или Македон ќе се нарече Зет Илион или Зет Македон.
Сега новопрогласениот Зет всушност е единствениот кој го примил словото божјо или реч божја. Поради таа причина синот божји сега е Зет Енох. Многу подоцна Зет Енох Македонскиот народ ќе го нарече Зет Хермес.

[526] стр.104



Сл. 646 Зет Хермес

Зетот е Господар-Господ на Земјата. Со применото слово божјо „S“, што претставува вкупното божјо знаење, тој ќе владее над својот народ, и над сите потчинети племенски групи, низ целата Земјина топка и со одредената територија подарена од својот Татко Сонце ИЛИ. Поради неговата титула ЗЕТ, тој ќе ја оплоди неговата невеста Македонка, а со тоа симболички ја оплодува и територијата во која владее. Затоа таа се нарекува ЗЕТА МАКЕДОНИА.







Со чинот на прогласувањето за Зет, тој ќе биде единствениот-ЕНОХ, кој од Богот Татко Сонце ИЛИ го прима словото божјо или речта божја, преку сончевите зраци на ден XXII-ри март на врвовите на планините или набљудувачниците, како што е Кокино во Р.Македонија. На тој начин Зетот ќе биде обожествен, Господар-Господ на Земјата. Прогласувајќи го Таткото ИЛИ за божество, тој ќе биде рамноправен на својот Татко Сонце во создавањето на Рајот Македониа. Тој ќе биде и негов гласник, а целото божјо знаење во вид на јазик, вера и наука, во која спаѓа меѓу другото и писмото и медицината, ќе го пренесе на својот род Лаврод - Македонците.
Симболите со кои се одбележува Зетот Хермес се стап со една извиткана форма која потсеќа на словото „S“, црв или змија и петелот со својата песна која гласи „КИ-КУР-ИКУ“.





Сл.647 Ономатопеа на петловото пеење е „КИ-КУР-ИКА“. Сл.648 Единствениот-Енох Зет, Илион, Македон, Хермес.

Зетот е всушност стап, јаблан, столб на македонскиот храм, литус со кој се лови со погледот „S“ и во кој се чува енергијата од Бог, во вид на дух божји Македон.

Зетот односно стапот со кривата линија „S“ е енергетска антена која го прима божјото знаење, пристигајќи по прав, најкус пат од Богот Сонце до Земјата Македонка. Ова верување, покрај другото, поради оваа и други причини се нарекова ПРАВОСЛАВИЕ.
Лек за душата, како храна божја е божјата светлос или погледот „SE“, како дух божји Македон. „Со песна твоја и божја светлост, се ранам.“ (Дешифриран текет).
Погледот SE е првиот сончев зрак - јаблан. Оплодувачката моќ на ЈАБЛАН пристига од Бог како молња во форма на буквата „S“. Таа е кривата линија на стапот во вид на змија или црв.

Симбол на Зетот е стап со словото„S“-змија, што претставува „курило“, симбол на исцелителната способност на зетот како лекар КУРТИС, лекар на душата, кој во одреден период на Македонскиот народ е нарекуван Асклепиј. Негов симбол за лекување ќе биде стапот со кривата линија како змија.






Сл.649 Созвездие Змеоносец, Зет Асклепиј. Сл. 650 Зет Хермес, Македон, Асклепиј.

Симболиката на змијата е во тоа што таа е во форма на словото „S“ – поглед, таа ја менува кожата, таа реинкарнира. Отровот на змијата се користел како лековита материја.
Зет Асклепиј со својата моќ ги лечел луѓето на одредени возвишенија нарекувани КУРИЛО. Такви возвишенија или пирамиди има низ целата Земјина топка Македонка. Едно од тие лековити места е и во република Македонија на светата планина Водно. Тие светилишта се Мало и Големо Курило. Сончевиот зрак на ден XXII-ри март во 5:15 часот со изгрејсонцето, поминува преку Големо и Мало Курило, удира во пирамида на плодноста, каде се зачнува плод,

бебето ИСУС.  Сончевиот зрак по права линија се спушта на манастирот Св. Илија, со значење Македонскиот Бог Сонце ИЛИ и манастирот Св. Пантелејмон, хрисијанизираното име на Зет Асклепиј.
Во подножјето на Мало Курило се наоѓа населбата Курило, како лековито место, со три храма. Едниот храм е детска болница, вториот храм е лековитата вода во манастирот Св. Јован Крстител - Капештец, и третиот храм е ноќевалиштето со исцелителна моќ. Секое македонско светилиште си има свој конак.

Зетот Енох е таткото на науката, основач на астрологијата и откривач на алхемијата. Детали од неговиот живот, иако е поминат голем временски период, најмалку од 400.000 г., може да се пронајдат секаде низ светот.

Сето она што синот божји Зет Илион - Македон го примил од Бог и открил, го пренел на својот род Лаврод. Пренесувајќи го вкупното божјо знаење на своите сограѓани Македонците, тој ќе го добие прекарот Зет ИС ДОН, ДИОН, ДИОНИС.






Сл. 651 Зет Македон, Дон Дион, Дионис.

Зетот ДОН, ДИОН, ДИОНИС всушност е ИС детето на мајката од ниските земји покрај реките, или тој е дете на пролетта. Тоа дете е **Зет МАКЕ-ДОН**.
Зетот Дон или Зетот Македон е првиот глобализатор на светот,
- во Зета Македониа Европа во временски период од најмалку 400.000 г. македонска ера,
- во Зета Македониа Востанија (денес наречена Азија), најмалку од пред 130.000 г. македонска ера, - во Зета Македониа Лом на Дон, најмалку 20.000 г. македонска ера (денешна Австралија),
- Зета Македонија Божјиот Лом, најмалку 125.000 г. македонска ера (денес наречена Африка), и
- Зета Македониа Прекуокеански Цут, најмалку 100.000 г. македонска ера, (денес наречена Америка).

## ХЕЛЕНИТЕ СЕ СЛОВЕНИ
## ВОЛНАРИТЕ СЕ ХЕЛЕНИ, ВЕЛЕНИТЕ СЕ СЛОВЕНИ

Современите истражувачи–историчари се обидуваат именката ХЕЛЕНИ да ја анализираат и толкуваат на повеќе начини. Некои пак не се ни обидуваат да помислат за нејзиното значење и по кој повод именката Хелени е употребувана во минатото и денес. Тие само слепо ги препишуваат веќе сервираните точни или неточни анализи. Но, според дешифрирањето на скриените пораки и нивната анализа на артефактите ширум светот, обработени во оваа книга, може да се дојде до следните заклучоци.

Кога нема ништо во еден простор, тоа значи го имаме самиот простор, а тој простор е од нешто. Просторот во кој немало ништо сепак имало во него темнина и светлина. Темнината е светла, а светлината темна. Тој простор е Мајка Мадона Господарка, која никогаш не е родена и никогаш нема да умре. Таа Мајка е Мајка Куќа во која се наоѓа светлото и темното. „Мајката Куќа го раѓа божјиот ПОГЛЕД. Божјиот Поглед се вселува во усните на мајката Елена, која го раѓа Богот Сонце ИЛИ како дел од едно божество, составено од повеќе Сонца во вселената, а околу секое сонце се раѓа по една земја Македонка.“

Мајката куќа Земјата Македонка, оплодена од Бог Сонце ИЛИ, ќе го роди бебето (во минатото именката за бебе била ИС), нарекувано според Таткото Сонце ИЛИ Илион, а според Мајката Куќа Македонка Македон. Илион – Македон по неговото полнолетство ќе биде рамноправен на својот татко и тој ќе се именува како Господин, Господар, ГОСПОД на Земјата - наречена Мајката Куќа Македонка.
Таткото ИЛИ на ден XXII-ри март ќе го ожени својот син Илион-Македон со невестата Лира (земјата на сончевите зраци ИЛ). Од тој ден тој ќе биде прогласен за единствениот кој комуницира со својот татко ИЛИ, од кого го прима вкупното знаење и од тој ден ќе биде Зет Господ владетел на државата Зета Македониа.
Македонскиот народ, како единствен бел човек на Земјата, преку Зетот го прима словото божјо, (што претставува јазикот, писмото, науката и верата православна). Зетот, вкупното божјо знаење го пренесува на својот народ од родот ЛАВРОД, кој живее по теченијата на реките низ целиот свет.

Во источна Кина (односно Зета Македонија Востанија), живееле Македонци по течението на реките од родот на лавот. Една од поголемите планини во централна Азија е планината Х’ЛАНШЕН 贺兰山 Hèlánshān (изговор-х’лајншен). Се смета дека зборот е монголски. Коинциденција или не, тој збор е составен од два македонски збора. Со озвучување на апострофот, ќе биде ХеЛАНШЕН. Хелан или елен е персонификација на сончевиот зрак ИЛ, што претставува дух божји Македон. Шен или шум е слово божјо кое пристига преку шумот на лисјата од дрвјата. Името на планината кореспондира на македонското верување. Имено со благородното животно еленот, Македонците го персонифицираат сонцето, оттука произлегува дека таа планина за Македеонците е света сончева планина.
Меѓу 500 цртежи на камен, еден од нив е и цртежот на елен со скриена порака.







Сл.652 Зета Македониа Востаниа централна Азија (денес наречена Кина), 132.000 – 42.000 години македонска ера пред појавата на Христијанството, планина “贺兰山岩画” Hèlánshān (Х’лајншен). Дешифриран текст „ИЛЕ”, стр.264

Коинциденција или не, овој термин се среќава и на југот од Македонскиот Полуостров. За таа цел ќе наведеме два цитати (Предземени од трибината од Наде Проева „Идентитетот и етничноста на антиката“).
Тукидит во погребната беседа за Атинскиот полис Пеликие, 499 г. македонска ера пред појавата на христијанството вели: „Нашата држава (Атина) служи како училиште на хелада-хелените“. (Предземено од трибината од Наде Проева „Идентитетот и етничноста на антиката“)
Исократ IV-ти век, пофално слово: „Нашата држава толку ги остави зад себе другите луѓе, во поглед на начинот на мислењето и на говор, што нејзините ученици станаа учители на другите, и придонесоа за тоа името на Хелените, да не изгледа повеќе како име на народ, туку како одбележје на култура. Така што Хелени се нарекуваат, поправо оние што учествуваат во нашата образованост, отколку оние што се од исто потекло“.
Овие два цитати, сомнителни по веродостојноста уште од самиот почеток на нивното создавање, поради ново – создадениот народ Хелени и ривалството со божјиот народ Македонците и нивниот јазик писмо и вера стара најмалку 400.000 г.

Еве еден пример за јазикот, писмото и верата македонска на југот од Македонија.






Сл. 653 Равенија – Беломорска Македониа 6.500 – 3.000 г. македонска ера пред појава на христијанството. (Дешифриран текст: „Оплодена мајка природа”, стр.105; фотографија извор: Πιεριδων Στεφανος: Πυδνα, Μεθωνη και οι αρχαιοτηιες της βορειας Πιεριας Ματθαιος Μπεσις Αρχαιολογος στρ 460)




Сл. 654 Печат во форма на Сонце, цут, роза, пролет. На печатот пишува: „ГЛЕДАМ, ВИДЕНА Е (ОПЛОДЕНАТА) МА ТАА ВО УСНИТЕ БОЖЈИ, И САМО БОЖЈИ“. (Дешифриран текст: „Оплодена мајка природа” стр.105).Овој и многу други артефакти се доказ за постоење на македонска словарница пред таканаречената хеленска.

Според истражувачот Милош Линдро: „Буквата „Х“ (⊟) се чита на два различни начини, и тоа како „Х“ и како В = Вита. Од тука произлегува дека името Хелен треба да се прочита Велен, или Херодот би требело да се прочита Веродот. Именката велен е со значење ВЕЛЕНЦЕ= МАЛА ВОЛНЕНА ПРЕКРИВКА како ќилим. Зборот ВЕЛЕН означува волна, власи или коси. Означува луѓе планинци што носат облека од влакна и тоа, груби козји влакна. Може да означува и луѓе кои се влакнести по целото тело.“

Зборот ВЕЛЕН во околината на Штип го има следново значење: Во однос на луѓето, тој е ВЕЛЕН во смисла на озборуван или величан, славен. Зборот „велен” произлегува од зборот СЛОВЕН, затоа што зборот „Словен” во однос на луѓето, означува славен или луѓе кои го знаат словото божјо. Треба да се знае дека именките: Велен, Словен, Славен, Хелен не се термини за народ, **тие се термини за човекова особеност изразена преку божја милост.**
Значи доаѓаме до заклучок дека, во јужниот дел на Македонскиот Полуостров луѓето кои се нарекувале ВЕЛЕНИ се всушност СЛОВЕНИ, а луѓето кои биле црни и влакнести, (безимени од семитско арапско потекло) се нарекувани ВОЛНАРИ, всушност тие се ХЕЛЕНИ.




Сл.655

Ако се запрашаме зошто Македонците Велени – Словени и асимилираните семити Волнари – Хелени се откажуваат од македонското потекло, ќе наведеме три причини, а тие се општествените, политичките и верските вредности.
Македонското општество било најстаро и најорганизирано општество уште од пред 400.000 години. Политичката доктрина била ориентирана кон обединување и глобализација на Зета Македониа. Првиот глобализатор на светот кој со успех ја спровел бил ДОН, ДИОН, ДИОНИС.
Македонската вера била православна, со верба во единствен Бог Сонце ИЛИ и верување во реинкарнација. Тоа е вера на директна врска - татко со син, а врската била под права линија и